ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021/2022 ГОДИНА

Скопје, 2023

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021/2022 ГОДИНА

Скопје, 2023

**Издавач:** ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** Прим. д-р Весна Стамболиева, специјалист по социјална медицина

Јасмина Тахири, дипл. медицинска сестра, статистичар

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Техничка подготовка:**

Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

**Печати:** Винсент графика

**Тираж:** 10 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-07-057.87(497.7)"2021/2022"(047)

СТАМБОЛИЕВА, Весна
Извештај за остварување на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2021/2022 година / [автори Весна Стамболиева, Јасмина Тахири]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, 2023. - 21 стр. : граф. прикази ; 30 см

Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-235-116-2

1. Тахири, Јасмина [автор]
а) Систематски прегледи -- Ученици и студенти -- Македонија -- 2021-2022 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 59760645

## *СОДРЖИНА*


*ВОВЕД* 7

*I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021/2022 ГОДИНА* 7

*а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта* 9

*б) Систематски прегледи на учениците во средни училишта* 10

*в) Систематски прегледи на студентите* 11

*II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021/2022 ГОДИНА* 12

*а) Во основните училишта* 12

*б) Средни училишта* 13

*в) Студенти* 15

*III. КОНСТАТАЦИИ* 15

*IV. ПРИЛОЗИ* 16

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе Програма за систематските прегледи на учениците и студентите во РСМ за 2022 година, според која ЈЗУ-Институт за јавно здравје - Скопје, изготви

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021/2022ГОДИНА

## *ВОВЕД*

***Овој Извештај има за цел да ја прикаже реализацијата на целите, содржините и обемот на извршените активности предвидени со Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите за 2022 година.***

Согласно Програмата, систематските прегледи се извршуваат во зависност од возраста на учениците и студентите и тоа: во основното образование во I, III, V,VII и IX-то одделение, во средното образование во I и IV година и во високото образование во првата година.

## *I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021/2022 ГОДИНА*

Во учебната2021/2022 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле подлежни, согласно добиените податоци од збирните извештаи за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2022 година изнесува 30180 (Табела 1).

***Табела 1***

| Година | В К У П Н О | | | ОСНОВНО УЧИЛИШ. | | | СРЕДНО УЧИЛИШТЕ | | | СТУДЕНТИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | |
| | | број | % | | број | % | | број | % | | број | % |
| 2020/21 | 28078 | 25785 | 91,8 | 20936 | 19091 | 91,2 | 6153 | 5705 | 92,7 | | | |
| 2021/22* | 30180 | 27996 | 92,8 | 25981 | 23517 | 90,5 | 5199 | 4479 | 86,2 | | | |
| Индекс 2022/21 | 107,5 | 108,6 | | 124,1 | 123,2 | | 84,5 | 78,5 | | | | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

*Податоците во табела 1 за 2021/2022г. покажуваат зголемување на бројот на подлежни и прегледани ученици, но и нереализирани систематски прегледи кај студентите кои практикуваа on-line настава, поради новонастанатата состојба со КОВИД-19.

Со систематски прегледи во 2021/2022 година прегледани се вкупно 27996ученици и студенти или 92,8% од подлежните. Споредено со претходната година се забележува, зголемување на бројот на прегледани со систематски прегледи, бидејќи во минатата година прегледите не се реализираа во целост заради појава на болеста со КОВИД -19.

Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 90,5%, што е за 0,7% помалаод претходната година. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 86,2% и е за 6,5% помала од претходната година. Кај студентите систематските прегледи не се реализирани, поради on-line настава заради состојбата со корона 19.

***Во 2021/2022г. реализацијата на извршените систематски прегледи на учениците од основните училишта е задоволителна, но кај учениците од средните училишта не го задоволува предвидениот стандард од 90-95% од подлежните.***

***Дијаграм 1*** Прегледани ученици и студенти со систематски прегледи во РСМ, период 2012-2022




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 97,4% | 97,0% | 97,2% | 96,7% | 97,3% | 97,5% | 96,4% | 96,3% | 91,9% | 91,2% | 90,5% |
| Средни училишта | 92,5% | 94,7% | 94,0% | 94,0% | 95,3% | 94,0% | 86,5% | 94,8% | 94,9% | 92,7% | 86,2% |
| Студенти | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 99,9% | 100,0% | 0 |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

На прикажаниот дијаграм 1 се забележува дека опфатот на ученици и студенти во периодот 2012-2022 година е прилично константен, со вкупен опфат меѓу 86.2 и 100%, што значи дека во анализираниот период опфатот е во рамките напредвидениот стандард, со исклучок кај учениците во средните училишта во 2018 година – 86.5% и во 2022г. – 86.2%.

## *а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта*

Во текот на 2021/2022 година систематските прегледи на учениците во основните училишта се вршени според возраста односно по одредени одделенија. Според добиените извештаи од здравствените организации за извршени прегледи и подлежни за преглед ученици, постигнат е следниот опфат на прегледаните ученици:

I одделение: од предвидените 7.476 ученици прегледани се 6.782 или 90,7% и го задоволува општиот стандард.

III одделение: од предвидените 6.675 ученици прегледани се 6.158 или 92,3% што го задоволува предвидениот стандард.

***Дијаграм 2*** Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во основните училишта во РСМ, 2021 и 2022




| | I одделение | III одделение | V одделение | VII одделение |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 93,1% | 93,8% | 88,8% | 88,2% |
| 2022 | 90,7% | 92,3% | 90,7% | 89,4% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

V одделение: од предвидените 6.675 ученици прегледани се 6.057 или 90,7%, и е во предвидениот стандард.

VII одделение: од предвидените 5.056ученици прегледани се4.520или 89.4% што не е во предвидениот стандард (Дијаграм 2).

***Опфатеноста на прегледаните ученици во VII одделение е најмала, споредувајќи ја со опфатеноста на учениците во другите одделенија.***

Обемот на извршените систематски прегледи во основното образование по региони е прикажан во табела 2 во прилог.

Може да се констатира дека во поголем број на региони, обемот на извршените систематски прегледи е во рамките на предвидениот стандард, со исклучок во Кр. Паланка, Куманово, Св. Николе и Штип во кои обемот е под предвидениот стандард.

Во општините Македонски Брод, Виница, Гевгелија, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кочани, Крушево, Кратово, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Струга, Струмица и Тетово не се реализирани систематски прегледи во оваа година, исто како и минатата.

## *б) Систематски прегледи на учениците во средни училишта*

Според Програмата, во средните училишта систематските прегледи се извршуваат во I и IVгодина. Во 2021/2022 година систематските прегледи се извршени во следниот обем:

I година: од предвидените 2.802 ученици, прегледани се 2.609 или 93.1% со што опфатеноста е во рамките на предвидениот стандард.

IV година: од предвидените 2.397 ученици, прегледани се 1.870 или 78% со што опфатеноста не ево предвидениот стандард (Дијаграм 3).

*Дијаграм 3* Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во средни училишта во РСМ, 2021 и 2022




| | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| I клас | 93,7% | 93,1% |
| IV клас | 91,3% | 78,0% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Во табела 3 (во прилог) даден е приказ на реализација на систематските прегледи на учениците во средните училишта по региони, од кој се гледа дека во поголем број региони не се направени, а во Куманово има и незадоволителен опфат од 72,1% .

Систематските прегледи се реализирани само во 4општини, а во сите останати не се.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, во голем број општини не се ни направени, заради пандемијата со КОВИД-19, а исто така потребно е и да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

### *в) Систематски прегледи на студентите*

Систематските прегледи на студентите во Републиката во учебната 2021/2022 година не се реализирани, поради непосетување настава заради состојбата со КОВИД-19, а во минатата годинареализацијата била99,9% од вкупно подлежните. Табела 3 (во прилог)

## *II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021/2022 ГОДИНА*

Од добиените извештаи за систематски прегледи може да се констатира дека најголемиот дел од содржините предвидени со Програмата во целост се застапени. Деталниот преглед на содржините на извршени систематски прегледи е прикажан во табела 4 (во прилог).

**Утврдени патолошки состојби при извршени систематскипрегледи на ученици и студенти во 2021/2022 година**

### *а) Во основните училишта*

Деформитетите, лошото држење на телотоипречки на видот и мотилитетот, се најзастапените патолошки состојби утврдени при извршувањето на систематските прегледи кај учениците од основното образование.

***Деформитетите на ’рбетен столб и граден кош*** се евидентирани кај 2712 ученици или 11,5% од вкупно прегледаните; следат ***деформитетите на стопалото*** евидентирани кај 1895 ученици или 8,1% од прегледаните; следат ***пречки на видот и мотилитетот*** кај 1766 ученици или 7,5%;

На четвртото место по застапеноста е ***лошото држење на телото*** застапена кај 1297 ученици или 5,5% од прегледаните.

Во споредба со претходната година, за сите претходно наброени патолошки состојби постои намалување на бројот на утврдените патолошки состојби кај прегледаните ученици во 2022 во однос на 2021 година (со исклучок на деформитетите на ’рбетниот столб), кое е нереално, бидејќи не се реализирани систематските прегледи предвидени за во 2021 година, а исто така намален е и бројот на прегледани во 2022г.,заради пандемијата со КОВИД-19.

Деформитетите на ’рбетниот столб и градниот кош како и деформитетите на стопалото најмногу се застапени кај учениците од I-то и III-то одделение.(табела 5 во прилог).

***Лоша развиеност*** на телото е забележана кај 413 ученици или 1,8% од прегледаните. Во споредба со претходната година забележана е помала застапеност од 5,6% во 2022 во однос на 2021 година(дијаграм 4).

***Дијаграм 4.*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во основно образование во РСМ, 2021 и 2022




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 12 | 7,4 | 10,3 | 12,8 | 12,1 |
| 2022 | 5,5 | 1,8 | 1,8 | 11,5 | 8,1 |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Кај 1766 ученици или 7,5% од прегледаните се најдени пречки на видот и мотилитетот, што е поголема застапеност во споредба со претходната година, кога биле евидентирани кај 1195 од прегледаните; конгенитални срцеви аномалии се најдени кај 38 или 0,2% (за 0,2% помалку во споредба со претходната година), а стекнати кај 15 ученици.

***Вошливоста*** не е евидентирана кај ниеден ученик, додека ***недоволната хигиена на телото*** е констатирана кај 451или 1,9% од прегледаните ученици, што е за 0,6% повеќе во споредба со претходната година.

***Лабораториските прегледи*** на крвта за хемоглобин, според доставените извештаи, се извршени само кај 48% од прегледаните ученици. При тоа е најден хемоглобин под 10 гр.% кај 1284ученици или5,5% од прегледаните на хемоглобин, што е повеќе во споредба со претходната година (280)

Преглед на урина е извршен кај 3997ученици или 17% од вкупно прегледаните, при што е најден албумен кај 244 ученици или 1% од прегледаните на албумен во урина. Претходната година, преглед за присуството на албумен во урината бил извршен кај вкупно 10253 ученици, или 53,7% од прегледаните; албумен бил детектиран кај 0,7% од прегледаните.

При ***стоматолошките прегледи*** најден е кариес кај 4441 ученици или 18,9% од прегледаните што е помалку во споредба со претходната година. Ортодонтските аномалии се најдени кај 880 ученици или 3,7% од прегледаните, што е за 8% повеќе во споредба со претходната година.

## б) Средни училишта

Кај учениците од средните училишта од најдените патолошки состојби најзастапени се ***лошото држење на телото*** кои биле констатирани кај 476 ученици или 8,3% од вкупно прегледаните. Потоа следат ***деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** кај 472 ученици или 8,3% од вкупно прегледаните; следат ***деформитетите на стопалото*** кај 376 ученици или 6,6% од прегледаните; потоа се ***пречките на видот и мотилитетот*** кај 327 или 5,7% од прегледаните. Кај помладите возрасти на учениците, односно учениците од основните училишта застапеноста на вакви најдени пречки е двојно поголема.

***Конгенитални срцеви аномалии*** најдени се кај 3 ученици или 0,1%, додека ***стекнати*** кај 4 или 0,1% од прегледаните ученици.

***Вошливоста*** не е констатирана кај прегледаните ученици, исто како и во минатата година

(Табела 6, дијаграм 5).

***Лабораториски прегледи*** на крв за хемоглобин се извршени кај 2264 ученици или 39,7% од прегледаните, при што е најден ***хемоглобин*** под 10 гр.% кај 472 ученици или 8,3% од прегледаните на хемоглобин (55 или1% во претходната година).

***Дијаграм 5*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во средни училишта во РСМ, 2021 и 2022




Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Кај 317 ученици или 5,6% (2236 или39,2% во минатата година) е извршен преглед на ***албумен во урина***, а позитивен албумен е најден кај 6ученици или 0,1% од прегледаните на албумен (22 или0,4% вопретходната година).

При извршените ***стоматолошки прегледи*** кариес е најден кај 761 ученик или 13,3% од прегледаните (1389или24,3% е најдениот ***кариес*** кај учениците од претходната година). ***Ортодонтските аномалии*** се регистрирани кај 291 ученик или 5,1% (284 или 5% се регистрирани во минатата година).

Табела 6, дијаграм 5

## в) *Студенти*

Систематските прегледи на студентите во Републиката во учебната 2021/2022 година не се реализирани, поради непосетување настава заради состојбата со КОВИД-19, а во минатата година реализацијата била 99,9% од вкупно подлежните.

## *III. КОНСТАТАЦИИ*

1. Оддобиенитеподатоциодздравственитеустановизареализиранисистематски прегледи според Програмата за систематски прегледи за 2021/2022година, прегледани се вкупно 27996 ученици или 92,8% од подлежните, и го задоволува предвидениот стандард од 90-95%. И во претходната година опфатеноста задоволувала и изнесувала 91,8%. Кај учениците во основното образование изнесува 90.5%, додека кај учениците во средното образование 86,2%, Кај студентите систематските прегледи не се пријавени дека се реализирани, поради непосетување настава заради состојбата со КОВИД-19, а во минатата година реализацијата била 100% од вкупно подлежните.

2. Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, и потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

3. Предвидените содржини на систематските прегледи според Програмата не задоволуваат во поглед на лабораториските испитувања (на крв -хемоглобин, урина-албумен и фецес за цревни паразити) кои се извршуваат во недоволен обем или воопшто не се извршуваат во некои региони.

4. Се ова горeизложеното наметнува, преземање мерки за подобрување на спроведувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти, посебно во однос на последователната опфатеност на учениците и студентите во здравствените ординации со цел за санирање на најдените состојби.

5. Со оглед на промените во образовниот систем и воведување на 9-то одделение во основното образование, неопходно е Министерството за здравство на РСМ да превземе активности за да се направи промена на збирниот образец за евиденција на систематски прегледи кај ученици и студенти.

# IV. ПРИЛОЗИ

***Табела 2*** Извршени систематски прегледи на ученици во основните училишта во Република Северна Македонија во 2022 година

| | Вкупно подлежни | Прегледани | | Одделенија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | I одд. | III одд. | V одд. | VII одд. |
| Р.МАКЕДОНИЈА | 25981 | 23517 | 90,5 | 6782 | 6158 | 6057 | 4520 |
| Берово | 258 | 258 | 100,0 | 77 | 64 | 63 | 54 |
| Битола | 884 | 884 | 100,0 | 227 | 116 | 260 | 281 |
| Мак.Брод | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Валандово | 392 | 381 | 97,2 | 86 | 92 | 100 | 103 |
| Велес | 33 | 33 | 100,0 | 33 | 0 | 0 | 0 |
| Виница | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 1058 | 1033 | 97,6 | 404 | 409 | 104 | 116 |
| Дебар | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 450 | 450 | 0,0 | 92 | 79 | 92 | 187 |
| Д.Хисар | 210 | 210 | 100,0 | 100 | 48 | 62 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | 859 | 859 | 100,0 | 160 | 237 | 222 | 240 |
| Кочани | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кратово | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кр.Паланка | 539 | 471 | 87,4 | 119 | 109 | 111 | 132 |
| Крушево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 4327 | 3755 | 86,8 | 1116 | 915 | 879 | 845 |
| Неготино | 191 | 172 | 90,1 | 96 | 0 | 0 | 76 |
| Охрид | 2692 | 2535 | 94,2 | 683 | 815 | 458 | 579 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Пробиштип | 119 | 114 | 0,0 | 114 | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | 486 | 443 | 0,0 | 163 | 111 | 84 | 85 |
| Ресен | 470 | 470 | 100,0 | 124 | 111 | 124 | 111 |
| Св.Николе | 121 | 103 | 85,1 | 33 | 23 | 23 | 24 |
| Скопје | 2488 | 2333 | 93,8 | 788 | 739 | 806 | 0 |
| Струга | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струмица | 3151 | 2887 | 0,0 | 757 | 754 | 724 | 652 |
| Тетово | 5374 | 4519 | 0,0 | 1214 | 1162 | 1108 | 1035 |
| Штип | 1879 | 1607 | 85,5 | 396 | 374 | 837 | 0 |

*Пехчево е собрано со Берово
* Ростуше е собрано со Гостивар
Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 3*** Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2022 година

| | Вкупно подлежни | Средни училишта | | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прегледани | | I клас | IV клас | Прегледани | | |
| | | Број | % | | | Подлежни | Број | % |
| Р.МАКЕДОНИЈА | 5199 | 4479 | 86,2 | 2609 | 1870 | | | |
| Берово | 125 | 125 | 0,0 | 60 | 65 | | | |
| Битола | 182 | 182 | 100,0 | 182 | 0 | | | |
| Мак.Брод | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Валандово | 91 | 85 | 93,4 | 50 | 35 | | | |
| Велес | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Виница | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Гостивар | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Дебар | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Делчево | 213 | 220 | 0,0 | 108 | 112 | | | |
| Д.Хисар | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кичево | 336 | 336 | 0,0 | 336 | 0 | | | |
| Кочани | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кратово | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кр.Паланка | 257 | 244 | 0,0 | 135 | 109 | | | |
| Крушево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Куманово | 1354 | 976 | 72,1 | 556 | 420 | | | |
| Неготино | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Охрид | 590 | 590 | 100,0 | 422 | 168 | | | |
| Прилеп | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Радовиш | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Ресен | 58 | 58 | 0,0 | 58 | 0 | | | |
| Св.Николе | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Скопје | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Струга | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Струмица | 1350 | 1212 | 0,0 | 616 | 596 | | | |
| Тетово | 121 | 103 | 0,0 | 86 | 17 | | | |
| Штип | 522 | 348 | 0,0 | 0 | 348 | | | |

*Како резултат на состојба со ковид 19, систематските прегледи не се реализирни

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 4*** Содржина на извршени систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија во 2022 година

| Утврдена состојба | | | Основни | | Средни | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Вкупно прегледани | | | 12241 | 11276 | 2284 | 2195 | 0 | 0 |
| Чистота на телото | добра | | 12014 | 11052 | 2284 | 2195 | 0 | 0 |
| | лоша | | 227 | 224 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вошливост | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Држење на телото | добра | | 11550 | 10670 | 2006 | 1997 | 0 | 0 |
| | лоша | | 691 | 606 | 278 | 198 | 0 | 0 |
| Развиеност на телото | добра | | 11470 | 10597 | 2223 | 2149 | 0 | 0 |
| | средна | | 542 | 495 | 58 | 45 | 0 | 0 |
| | лоша | | 229 | 184 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| Хранетост на телото | добра | | 11470 | 10597 | 2223 | 2149 | 0 | 0 |
| | средна | | 542 | 495 | 58 | 45 | 0 | 0 |
| | лоша | | 229 | 184 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| Деформации на рбетниот столб | кифоза | неозначена | 217 | 163 | 110 | 64 | 0 | 0 |
| | | изразена | 31 | 30 | 7 | 4 | 0 | 0 |
| | сколиоза | неозначена | 394 | 389 | 71 | 57 | 0 | 0 |
| | | изразена | 271 | 259 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| | лордоза | неозначена | 48 | 47 | 21 | 24 | 0 | 0 |
| | | изразена | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дефор.на град.кош | | | 519 | 342 | 78 | 29 | 0 | 0 |
| Дефор.на стопалото | | | 1065 | 830 | 213 | 163 | 0 | 0 |
| Дефор.на др.делови на коструот | еднострано | | 39 | 38 | 3 | 11 | 0 | 0 |
| | двострано | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Пречки на видот и мотилитет | страбизам | | 206 | 209 | 11 | 5 | 0 | 0 |
| | нистагмус | | 549 | 604 | 127 | 184 | 0 | 0 |
| | слеп.за бои | | 97 | 101 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Оштетување на слухот | еднострано | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | двострано | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кариес | I степен | | 1540 | 1375 | 280 | 227 | 0 | 0 |
| | II степен | | 832 | 694 | 152 | 102 | 0 | 0 |
| Парадентопатија | | | 8 | 8 | 8 | 13 | 0 | 0 |
| Ортодонски аномалии | | | 436 | 444 | 125 | 166 | 0 | 0 |
| Срцеви мани | конгенит. | | 21 | 17 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| | стечени | | 7 | 8 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| Психич.развиеност | | | 57 | 20 | 6 | 4 | 0 | 0 |
| Говорни мани | | | 295 | 142 | 12 | 13 | 0 | 0 |
| Хемоглобин | под 10 гр% | | 705 | 579 | 97 | 375 | 0 | 0 |
| | 10 - 13 гр% | | 3308 | 3109 | 773 | 478 | 0 | 0 |
| | над 13 гр% | | 1933 | 1654 | 298 | 243 | 0 | 0 |
| Албумин во уреата | позитивен | | 71 | 172 | 4 | 2 | 0 | 0 |
| | негативен | | 1992 | 1762 | 169 | 142 | 0 | 0 |
| Измет на цревни паразити | позитивен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | негативен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Алергиски заболувања | да | | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | не | | 8 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Сите останати хрон.патолошки состојби | | | 174 | 120 | 73 | 62 | 0 | 0 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 5*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Северна Македонија во 2022 година

| Утврдена состојба | Основни училишта | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I одд. | | III одд. | | V одд. | | VII одд. | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Вкупно прегледани | 23517 | 100,0 | 6782 | 100 | 6158 | 100 | 6057 | 100 | 4520 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 451 | 1,9 | 258 | 3,8 | 73 | 1,2 | 68 | 1,1 | 52 | 1,2 |
| Вошливост | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 1297 | 5,5 | 351 | 5,2 | 277 | 4,5 | 318 | 5,3 | 351 | 7,8 |
| Развиеност на телото - лоша | 413 | 1,8 | 189 | 2,8 | 148 | 2,4 | 42 | 0,7 | 34 | 0,8 |
| Хранетост на телото - лоша | 413 | 1,8 | 189 | 2,8 | 148 | 2,4 | 42 | 0,7 | 34 | 0,8 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 2712 | 11,5 | 863 | 12,7 | 692 | 11,2 | 672 | 11,1 | 485 | 10,7 |
| Дефор.на стопалото | 1895 | 8,1 | 563 | 8,3 | 523 | 8,5 | 489 | 8,1 | 320 | 7,1 |
| Дефор.на други делови | 78 | 0,3 | 14 | 0,2 | 35 | 0,6 | 29 | 0,5 | 0 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 1766 | 7,5 | 393 | 5,8 | 493 | 8,0 | 440 | 7,3 | 440 | 9,7 |
| Оштетување на слухот | 2 | 0,0 | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Кариес | 4441 | 18,9 | 1237 | 18,2 | 1237 | 20,1 | 1069 | 17,6 | 898 | 19,9 |
| Парадентопатија | 24 | 0,1 | 8 | 0,1 | 0 | 0,0 | 16 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 880 | 3,7 | 64 | 0,9 | 181 | 2,9 | 409 | 6,8 | 226 | 5,0 |
| Срцеви Конгенитални | 38 | 0,2 | 10 | 0,1 | 6 | 0,1 | 12 | 0,2 | 10 | 0,2 |
| мани Стечени | 15 | 0,1 | 6 | 0,1 | 3 | 0,0 | 3 | 0,0 | 3 | 0,1 |
| Психичка развиен.недоболна | 77 | 0,3 | 29 | 0,4 | 30 | 0,5 | 11 | 0,2 | 7 | 0,2 |
| Говорни мани | 437 | 1,9 | 183 | 2,7 | 103 | 1,7 | 139 | 2,3 | 12 | 0,3 |
| Хемо- Под 10гр% | 1284 | 5,5 | 374 | 5,5 | 344 | 5,6 | 248 | 4,1 | 318 | 7,0 |
| глобин Вк.прегледани | 11288 | 48,0 | 3765 | 55,5 | 2666 | 43,3 | 2731 | 45,1 | 2126 | 47,0 |
| Албумен Позитивен | 244 | 1,0 | 48 | 0,7 | 54 | 0,9 | 72 | 1,2 | 70 | 1,5 |
| во урина Вк.прегледани | 3997 | 17,0 | 964 | 14,2 | 932 | 15,1 | 1389 | 22,9 | 712 | 15,8 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 2 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 0,0 | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 27 | 0,1 | 6 | 0,1 | 7 | 0,1 | 4 | 0,1 | 10 | 0,2 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 294 | 1,3 | 49 | 0,7 | 80 | 1,3 | 92 | 1,5 | 73 | 1,6 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 6*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2022 година

| Утврдена состојба | Средни училишта | | | | | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I клас | | IV клас | | Број | % |
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Вкупно прегледани | 4479 | 100 | 2609 | 100 | 1870 | 100 | 0 | 0 |
| Чистота на телото - лоша | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Вошливост | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 476 | 8,3 | 263 | 10,1 | 213 | 11,4 | 0 | 0,0 |
| Развиеност на телото - лоша | 4 | 0,1 | 3 | 0,1 | 1 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Хранетост на телото - лоша | 4 | 0,1 | 3 | 0,1 | 1 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 472 | 8,3 | 260 | 10,0 | 212 | 11,3 | 0 | 0,0 |
| Дефор.на стопалото | 376 | 6,6 | 175 | 6,7 | 201 | 10,7 | 0 | 0,0 |
| Дефор.на други делови | 14 | 0,2 | 0 | 0,0 | 14 | 0,7 | 0 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 327 | 5,7 | 157 | 6,0 | 170 | 9,1 | 0 | 0,0 |
| Оштетување на слухот | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Кариес | 761 | 13,3 | 414 | 15,9 | 347 | 18,6 | 0 | 0,0 |
| Парадентопатија | 21 | 0,4 | 21 | 0,8 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 291 | 5,1 | 109 | 4,2 | 182 | 9,7 | 0 | 0,0 |
| Срцеви Конгенитални | 3 | 0,1 | 0 | 0,0 | 3 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| мани Стечени | 4 | 0,1 | 3 | 0,1 | 1 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 10 | 0,2 | 7 | 0,3 | 3 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Говорни мани | 25 | 0,4 | 12 | 0,5 | 13 | 0,7 | 0 | 0,0 |
| Хемо- Под 10гр% | 472 | 8,3 | 325 | 12,5 | 147 | 7,9 | 0 | 0,0 |
| глобин Вк.прегледани | 2264 | 39,7 | 1178 | 45,2 | 1086 | 58,1 | 0 | 0,0 |
| Албумен Позитивен | 6 | 0,1 | 0 | 0,0 | 6 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| во урина Вк.прегледани | 317 | 5,6 | 7 | 0,3 | 310 | 16,6 | 0 | 0,0 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 135 | 2,4 | 76 | 2,9 | 59 | 3,2 | 0 | 0,0 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ